# ИЗВЕШТАЈ
## од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година

Република Македонија
...за аудио и аудиовизуелни
...СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6118/2 | 1 | |


***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (правила за заштита на малолетните лица од програми кои би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој)

***Забелешка: Надзорот е направен по претставка.***

***<u>Констатации:</u>***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година, <u>е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.</u>

Имено, играната програма „Сила" која во работните денови од неделата се емитува и премиерно и репризно, а во недела само репризно е несоодветно категоризирана како програма од прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период за категоријата програма.

Според критериумите за категоризација на програмите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот „Сила" треба да се категоризира како програма од трета категорија, да се означи со предупредувачка сигнализација 12+, односно – како програма што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател и да се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Во периодот на мониторингот, и премиерите и репризите на серијалот „Сила" се емитуваат со предупредувачки знак за програма од прва категорија, односно - како програма соодветна за целата публика. Во работните денови од неделата, премиерните епизоди од серијалот се емитуваат нешто пред 20 часот (освен на 1 декември), а репризите на серијалот се емитуваат со почеток по 15 часот, а во денот – недела, по 11 часот, термини што не се соодветни за програма класифицирана во третата категорија.

Во табелата се дадени почетните и крајните времиња од емитувањето на поединечните епизоди и реприди.

| **Наслов на емисија** | | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| ***Серијал „Сила"*** | | **Почеток** | **Крај** |
| *Серијал „Сила" – **24 ноември*** | Реприза (од 23 ноември) | 15:25:07 | 17:11:54 |
| | Премиера | 19:44:44 | 21:16:06 |
| *Серијал „Сила" – **25 ноември*** | Реприза (од 24 ноември) | 15:23:56 | 17:07:45 |
| | Премиера | 19:45:39 | 21:22:04 |
| *Серијал „Сила" – **26 ноември*** | Реприза (од 25 ноември) | 15:11:38 | 17:07:51 |
| | Премиера | 19:45:21 | 21:25:21 |
| *Серијал „Сила" – **27 ноември*** | Реприза (од 26 ноември) | 15:16:27 | 17:10:30 |
| | Премиера | 19:46:47 | 21:26:51 |
| *Серијал „Сила" – **28 ноември*** | Реприза (од 27 ноември) | 15:14:39 | 17:08:37 |
| | Премиера | 19:50:26 | 21:31:07 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Серијал „Сила" – 30 ноември (недела)* | Реприза (од 28 ноември) | 11:04:21 | 14:45:43 |
| *Серијал „Сила" – 1 декември* | Реприза (од 28 ноември) | 15:21:45 | 17:16:04 |
| | Премиера | 20:00:12 | 21:35:08 |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, во периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година, играната програма „Сила" е несоодветно категоризирана како програма од прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период за категоријата програма.

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор: 09.12.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, и 132/14) и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, бр.01-5777/1 од 21.11.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба и наведената одредба од Правилникот за заштита на малолетните лица, до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Сектор за правни работи***